# 21 МОНИТОРИНГ НА ПРОЦЕСОТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ во Република Македонија

## Дваесет и први квартален извештај **1/2014**

Скопје, јули 2014 година

**Мониторинг на процесот на јавни набавки во РМ**
**Дваесет и први квартален извештај**

Издава:
**Центар за граѓански комуникации**

Лектура:
**Татјана Б. Ефтимоска**

Ликовно –графичко обликување:
**Бригада дизајн**

Печати:
**Пропоинт**

Тираж:
**250 примероци**

Бесплатен/некомерцијален тираж

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

35.073.53:005.584.1(497.7)"2014"(047)

МОНИТОРИНГ на процесот на јавни набавки во Република Македонија : 21 квартален извештај, 2014. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2014. - 24, 24 стр. : табели, граф. прикази ; 14x21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Monitoring the implementation of public procurements in the Republic of Macedonia : 21 quqrterly report, 2014. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

**ISBN 978-608-4709-18-3**

а) Јавни набавки - Мониторинг - Македонија - 2014 - Извештаи
COBISS.MK-ID 96858122

Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија и на Центарот за граѓански комуникации и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Содржина

05 Клучни наоди и препораки

08 Цели и методологија

09 Детален извештај од мониторингот на јавните набавки

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКЖЈН** | Државна комисија за жалби по јавните набавки |
| **ДО** | Договорни органи |
| **ЕО** | Економски оператори |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЗЈН** | Закон за јавните набавки |
| **РМ** | Република Македонија |
| **ЦГК** | Центар за граѓански комуникации |

# КЛУЧНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

- **Вредноста на договорите склучени преку преговарање без претходно објавување оглас бележи голем пораст во првото тромесечје од годинава, во пресрет на стапувањето на сила на законските измени со кои склучувањето на дел од ваквите договори би требало да биде намалено. Само во првиот квартал од 2014 година, преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас се склучени 228 договори во вредност од 19,3 милиони евра. Истото важи и за поништувањата кои во првиот квартал од 2014 година сè уште се на високо ниво од 23,2% од вкупно огласените тендери, или поништени се 1075 тендери.**

*Препорака:* Недоволната конкуренција на тендерите и натаму негативно се одразува врз состојбите во јавните набавки. Ова секако ја наметнува потребата, освен законски измени, да се преземаат и низа други мерки кои ќе ја зголемат довербата на бизнис-секторот и ќе стимулираат поголема конкуренција во јавните набавки.

- **Со оглед на природата на набавките кои беа доминантни во првиот квартал од годинава, компјутерска опрема, канцелариски материјал, осигурителни услуги, авиобилети, одржување хигиена итн., конкуренцијата во набавките беше на повисоко ниво од просекот евидентирани низ мониторингот во 2013 година. Дел од институциите и натаму учеството на тендери го условуваат со докази дека фирмата работи со профит.**

*Препорака:* Потребно е да се засилат законските механизми за понудувачите сами да се штитат од фаворизирачките тендерски документации. За да се обезбеди тоа, потребно е правото на жалба во однос на тендерските документации да се стекнува со самиот чин на објавување на огласите за јавни набавки.

- **Елементите врз основа на кои се евалуира квалитетот на набавките и натаму претставуваат слаба алка во системот. Особено се проблематични тендерите во кои, и по мај 2014 година, ќе може покрај цената, да се користат и други елементи за бодување на понудите, а тоа се креативните решенија за медиумските кампањи.**

*Препорака:* БЈН треба да изготви прирачник за добри практики, во којшто ќе бидат разработени светската практика и позитивните примери од нашиот систем за јавни набавки во однос на соодветните елементи за бодување и начинот на евалуација на квалитетот.

- **Банкарската гаранција на понудата била побарана во секој четврти мониториран тендер, додека, пак, гаранцијата за квалитетно извршување на договорот – во секој втор тендер.**

*Препорака:* Треба да се преземат дополнителни мерки за дестимулирање на институциите да бараат од фирмите банкарска гаранција на понудите и на тој начин да ги обесхрабруваат да учествуваат на тендерите. Наспроти тоа, потребно е да се зачести користењето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, особено во услови кога на некои тендери се нудат исклучително ниски цени, со кои се доведува под прашалник квалитетното извршување на договореното.

- **Бројот на фирми кои имаат забрана за учество на тендери, заклучно со март 2014 година, достигна 45. Регистриран е случај на фирма која веќе има забрана што е подолга од законскиот максимум од пет години.**

***Препорака:*** Потребна е поголема транспарентност на процесот на изрекување негативни референци, односно треба да се наведуваат и договорниот орган кој ја изрекол референцата и бројот на постапката за која е таа изречена. Воедно, потребно е да се преиспита дали е оправдано сите договорни органи да изрекуваат ваков вид санкции и забраната за учество да се однесува на сите тендери, како и да се преиспитаат повредите за кои се изрекуваат негативните референци.

# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје, од ноември 2008 година наваму, континуирано го анализира спроведувањето на процесот на јавни набавки во РМ, кој е регулиран со Законот за јавни набавки. Целта на анализата е да оцени како се спроведува процесот на јавни набавки во светло на новиот Закон за јавните набавки и дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Анализата на процесот на јавни набавки во РМ се прави врз основа на мониторинг на случајно избрани постапки за јавни набавки (по 40 на секое тримесечје). Мониторингот започнува од објавите на повиците во „Службен весник“ и на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), преку присуство на јавните отворања, до собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваат на економските оператори, како и од податоците собрани од договорните органи преку ЕСЈН и преку барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Анализата во овој извештај е направена врз основа на мониторинг на избран примерок од 40 постапки на договорни органи на централно ниво, чиешто јавно отворање на понудите се одвиваше во периодот јануари-март 2014 година.

# ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД КВАРТАЛНИОТ МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

- **Вредноста на договорите склучени преку преговарање без претходно објавување оглас бележи голем пораст во првото тромесечје од годинава, во пресрет на стапувањето на сила на законските измени со кои склучувањето на дел од ваквите договори би требало да биде намалено. Истото важи и за поништувањата, кои во првиот квартал од 2014 година сѐ уште се на високо ниво.**

Во првото тромесечје од 2014 година, преку постапка со преговарање без претходно објавување оглас, се склучени 228 договори во вредност од 19,3 милиони евра, што е за 73,9% повеќе во однос на истиот период лани.

**Преглед на вредноста на договорите според постапката со преговарање без објавување оглас, по години**

| Период | Вредност на договорите (во мил. евра) | Промена |
|---|---|---|
| јануари – март 2012 год. | 11,9 | +26,6% |
| јануари – март 2013 год. | 11,1 | -6,7% |
| **јануари – март 2014 год.** | 19,3 | **+73,9%** |

*Пресметките се направени заклучно со 30.06.2014 година*

Доминантна причина за примена на постапката со преговарање во првиот квартал од 2014 година се случаите во кои институциите во претходно огласените тендери добиле само една понуда или само една понуда

од повеќето доставени била оцената како прифатлива и немало услови за спроведување електронска аукција. Во вакви случаи, договорните органи имаа право, за сите тендери огласени пред 1. јануари 2014 година, да го поништат тендерот и да пристапат кон постапката со преговарање со цел да ја намалат цената што ја нуди понудувачот. Но, измените на Законот за јавни набавки од октомври 2013 година (Службен весник бр.148/2013) им овозможуваат на државните институции, од почетокот на оваа година, во случаи кога единствениот понудувач им нуди цена што е повисока од проценетата вредност на набавката, да не се поништува тендерот и да се преговара за намалување на цената, туку да се примени т.н. конечна понуда. Во случаи кога има само една понуда на тендерот, новововедениот модел подразбира дека добавувачот треба да го покани единствениот понудувач да изврши намалување на својата поднесена понуда/цена.

Со оглед на тоа што голем број тендери огласени на крајот од 2013 година продолжиле во првиот квартал од годинава, за нив и натаму важеле старите законски обврски. Оттука, како што може да се види од следниот приказ, во првото тромесечје од 2014 година дури 67% (12,9 милиони евра) од вкупната вредност на тендерите без објавување оглас се последица на случаи кога во претходно објавениот оглас ќе се јави еден понудувач, којшто за своите производи, услуги или работи бара повеќе пари отколку што има на располагање договорниот орган. Во овие случаи, преговарањето се користи за да се усогласи понудената цена од страна на понудувачот со проценетата вредност или со буџетските можности на добавувачот. Токму во оваа група на договори склучени со преговарање без објавување оглас се наоѓа и еден од најголемите договори склучени во Република Македонија во првиот квартал од 2014 година. Станува збор за договорот склучен од страна на АД Електрани на Македонија за проектирање и изградба на објект шестоседна жичарница на ски-центар Попова Шапка во вредност од 9,4 милиони евра. Јавното претпријатие, во претходно спроведената отворена постапка за која бил објавен оглас, добила две понуди за проектирање и изградба на објект шестоседна жичарница на ски-центар Попова Шапка. Но едната понуда комисијата за јавна набавка ја оценила како неприфатлива, бидејќи фирмата-понудувач не ги исполнила критериумите за лична способност, а другата понуда била финансиски повисока од проценетата вредност. Оттука јавното

претпријатие го поништило овој тендер (бр.01-135/2013 огласен на 09.08.2013 година) и во согласност со старото законско решение (членот 99 став 1 алинеја 4 од ЗЈН), преминало кон преговарање.




Во првиот квартал од 2014 година, вкупно 24 договори за јавни набавки добиле анекси во вкупна вредност од околу 2,7 милиони евра (14%). Итноста од некоја набавка била причина за склучување 59 директни договори, во вкупна вредност од 2,2 милиони евра (11%). Со повикувањето за итна потреба од набавката и неможност да се испочитуваат роковите на вообичаените процедури во анализираниот период, Државната изборна комисија склучила дури 20 договори, во вкупна вредност од 1,2 милиони евра. Притоа, врз оваа основа се склучени договори за превоз на членовите на избирачките одбори, надлежни за спроведување на гласањето во странство, изработка на беџови за идентификација, средство за обележување на гласачите - видливо мастило, изготвување едукативна кампања за гласачите, печатење прирачници за едукација на изборните органи за претседателските избори 2014 година, користење електронски комуникациски услуги, тонери, набавка на гориво за службените возила на ДИК итн. Останува дилемата дали за сите овие договори морало да се примени постапката преговарање, ако се знае дека роковите од објавата до одржување на

изборите во повеќето случаи можеле да бидат доволни за спроведување транспарентни тендерски постапки.

Една од значајно застапените причини за склучувањето договори со преговарање без оглас е и кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор. Врз оваа основа, во првите три месеци од 2014 година се склучени 51 договор во вкупна вредност од 1,2 милиони евра (6%).

Што се однесува на поништувањата на тендерите, во првиот квартал од 2014 година поништени се 1075 тендери, што претставува удел од 23,2% од вкупно огласните тендери. Иако може да се забележи благо намалување на поништувањата во однос на истиот период во 2013 година, сепак нивото останува на високите 23,2%, како и во 2012 година.

**Тренд на поништувањата на постапките по квартали**

| Период | Број на објавени огласи | Број на одлуки за поништување на постапките | Удел на поништени постапки |
|---|---|---|---|
| јануари-март 2012 | 1945 | 451 | 23,2% |
| јануари-март 2013 | 3661 | 972 | 26,6% |
| **јануари-март 2014** | 4637 | 1075 | **23,2%** |

*Пресметките се направени заклучно со 30.06.2014*

Доколку се навлезе во анализа на структурата на причините за поништување на тендерите, може да се констатира дека неуспехот на тендерите е последица на недоволната конкуренција од фирмите.




Во 30% од поништените тендери не била поднесена ниту една прифатлива или соодветна понуда (овде најчесто станува збор за случаите кога единствениот понудувач бара цени што се повисоки од проценетата вредност на договорот). Во високи 29% од поништените тендери не била доставена ниту една понуда. Задницата на овие две основи за поништување на тендерите може да се бара во начинот на кои биле изготвени тендерските документации, кои очигледно не овозможиле поголема конкуренција од страна на понудувачите.

***Препорака:*** Недоволната конкуренција на тендерите и натаму негативно се одразува врз состојбите во јавните набавки. Ова секако ја наметнува потребата, освен законски измени, да се преземаат и низа други мерки кои ќе ја зголемат довербата на бизнис-секторот и ќе стимулираат поголема конкуренција во јавните набавки.

- **Со оглед на природата на набавките кои беа доминантни во првиот квартал од годинава, компјутерска опрема, канцелариски материјал, осигурителни услуги, авиобилети, одржување хигиена итн., конкуренцијата во набавките беше на повисоко ниво од просекот евидентиран низ мониторингот во 2013 година.**

.

На почетокот од годината, доминирaa набавките во кои традиционално се евидентираат поголем број добавувачи. Оттука, високо ниво на конкуренција, со најмалку три учесници, е присутно во 60% од мониторираните постапки. Како што може да се види од следниот приказ, уделот на тендери на кои е доставена само една понуда во мониторираниот примерок изнесува 23%, а ниту една понуда не е доставена во 7% од постапките.




Како резултат на повисоката конкуренција евидентирана во мониторираниот примерок, зголемен е и бројот на одржани е-аукции (59%). Но, како што може да се види од следниот графички приказ, е-аукцијата резултирала со намалување на цените во 38% од тендерите, додека, пак, во 21% од аукциите, фирмите не понудиле намалување на најниската цена која била првично дадена при отворањето на понудите.

Е-аукцијата не беше одржана во 17% од постапките, и тоа во оние случаи во кои не е доставена ниту една понуда, потоа во тендерите во кои се доставени понуди но се поништени пред одржување на аукцијата, како и кај тендерите за кои и претходно не била планирана е-аукција во согласност со ЗЈН (набавка на осигурителни услуги, на авионски билети, како и за набавка на услуги за дизајнирање идејно решение и реализација на активности за информирање и комуникација со јавноста).




Во првиот квартал од годинава, во согласност со законските измени, за првпат се примени и опцијата, во случаи кога на тендерот ќе биде доставена една понуда, добавувачот да го покани единствениот понудувач да изврши намалување на својата првично поднесена понуда/цена доставувајќи т.н. конечна цена. Судејќи според мониторираниот примерок, во вакви случаи фирмите почесто се одлучуваа да останат на веќе понудените првични цени, а поретко нудеа нови, намалени цени. Притоа, кај повеќето фирми, и кога нудеа нови конечни цени, тие беа само симболично намалени.

Доколку се направи обид за утврдување на причините за малиот интерес на фирмите за учество во јавните набавки (ниту еден учесник во 7% и само еден понудувач во 23% од тендерите), што резултира со поништување на тендерите или со немање услови за одржување е-аукција, тие можат да се лоцираат во ограничувачките критериуми за оценување на способноста на понудувачите. Во мониторирана набавка за организирање конференција за потребите на едно министерство, од понудувачите се бараше минималниот годишен обрт на финансиски средства во последните 3 години да не е помал од 25 милиони денари и вкупната добивка за последните три години на понудувачот да изнесува минимум 5 милиони денари. Вака поставените критериуми се апсолутно несоодветни ако се има предвид вкупната вредност на договорот, која изнесуваше околу 2 милиони

денари. Оттука можеби не изненадува што на тендерот аплицирала само една фирма, со која е и склучен договорот.

Да имаат остварено позитивен финансиски резултат се бараше и во тендер за набавка на лабораториска опрема, каде што исто така се јавила само една фирма со која е склучен договорот.

Извештај за билансот на состојбата заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојбата, со остварен позитивен финансиски резултат- добивка за последните 3 години, беше услов за учество на фирмите и во јавна набавка на услуга за одржување хигиена, тековно и техничко одржување и контрола на објектот.

***Препорака:*** Потребно е да се засилат законските механизми за понудувачите сами да се штитат од фаворизирачките тендерски документации. За да се обезбеди тоа, потребно е правото на жалба во однос на тендерските документации да се стекнува со самиот чин на објавување на огласите за јавни набавки.

- **Елементите врз основа на кои се евалуира квалитетот на набавките и натаму претставуваат слаба алка во системот. Особено се проблематични тендерите во кои, и по мај 2014 година, ќе може, покрај цената, да се користат и други елементи за бодување на понудите, а тоа се креативните решенија за медиумските кампањи.**

Една од мониторираните постапки во која беше користен критериумот ’економски најповолна понуда‘ е за набавка на услуга за дизајнирање идејно решение и реализација на активности за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на РМ во ЕУ. Притоа, критериумот ’економски најповолна понуда‘ се состоеше од следните два елементи: ’квалитет‘ со максимални 60 бода и ’цена‘ со 40 бода. Во оваа набавка спорно е што добавувачот во тендерската документација вели дека бодовите за квалитет ќе бидат доделувани во согласност со мислењето на посебна стручна комисија, и тоа на следниот начин:

- **со најмногу 60 бода ќе се оцени секој**

**понудувач кој има одлична идеја за тоа како вистински да се постигнат очекуваните ефекти на услугите и кампањата и одлично разработена комуникациска стратегија;**

- **со 30 бодови ќе се оцени секој понудувач кој има добра идеја, разработена комуникациска стратегија и**
- **со 10 бодови ќе се оцени секој понудувач кој нема добро разработена идеја, односно кој има комуникациска стратегија што не е доволно добро усогласена со бараните ефекти.**

Ваквиот пристап не гарантира избор на најповолна понуда и создава можност за голем субјективизам во оценувањето, во услови кога во тендерската документација нема јасно разработени и мерливи цели, коишто ќе гарантираат квалитет на услугата.

Дополнителен проблем во оваа јавна набавка беше тоа што во согласност со техничката спецификација, таа предвидуваше долга низа од активности коишто требаше да се реализираат во рок од 60 дена, и тоа: дизајнирање идејни решенија за менување на имиџот на СЕП, дизајнирање нова веб-страница, дизајнирање принт-материјали, потоа материјали за надворешно и интернет-рекламирање, продукција на настани, изработка на 20-минутен документарен филм, 2 телевизиски спота по 1 минута, спроведување 5 национални истражувања за помошта ИПА и за ставовите на јавноста околу пристапувањето кон ЕУ, 4 средби со медиуми, 4 национални дебати и 4 национални обуки за невладини организации, организација на настани со влијателни личности и организации, потоа организирање и имплементација на информативни каравани во 12 општини итн. Сепак, вака амбициозно замислената јавна набавка, со проценета вредност од 7,5 милиони денари без ДДВ, е поништена неколку дена по објавувањето на огласот поради распишувањето на претседателските избори. Во одлуката за поништување на тендерот, добавувачот оценува дека постои ризик кампањата предвидена со набавката да се совпадне со кампањата за претседателските избори. Оттука и се наметна потреба од подетална елаборација на оваа

јавна набавка во која, доколку се огласи повторно, ќе мора да се работи врз јасно дефинирани елементи за оценување на квалитетот и да се поставаат реални и остварливи рокови за нејзина реализација. Со оглед на различниот тип услуги што се бараат овде, ќе треба да се разгледа и можноста за деливост на набавката на повеќе лотови, со цел да се овозможи да ја реализираат различни профили на фирми.

За отсуството на јасни критериуми во набавки каде што е приоритетен квалитетот, и тоа на национално ниво, најдобро зборува споредбата меѓу две од мониторираните постапки: во Заводот за рехабилитација на деца и младинци храната се набавува според критериумот 'најниска цена', но затоа во друга државна институција, освен цената, се бара и одреден квалитет за набавка на услугата за одржување хигиена, тековно и техничко одржување.

Генерално, може да се оцени дека во пресрет на новите законски измени од мај 2014 година, кои предвидуваат единствен критериум за избор да биде цената, а критериумот 'економски најповолна понуда' да се користи по исклучок, институциите, судејќи според мониторираниот примерок, немаат јасни вредности за што треба да се користи критериумот 'најниска цена', а кога е важен квалитетот.

***Препорака:*** БЈН треба да изготви прирачник за добри практики, во којшто ќе бидат разработени светската практика и позитивните примери од нашиот систем за јавни набавки во однос на соодветните елементи за бодување и начинот на евалуација на квалитетот.

- **Банкарската гаранција на понудата била побарана во секој четврт мониториран тендер, додека, пак, гаранцијата за квалитетно извршување на договорот – во секој втор тендер.**

Примената на банкарските гаранции бележи позитивни трендови во однос на минатата година. Имено, опаѓа примената на банкарските гаранции за доставувањето понуда, а расте примената на гаранциите за квалитетно извршување на договорот. Во првиот квартал од 2014 година, банкарската гаранција на понудите е побарана во 25% од мониторираните тендери, што е помалку

од минатогодишниот просек од 39,4%, додека, пак, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот е побарана во 55% од мониторираните тендери, што е повеќе од минатогодишниот просек од 52,5%. Овој тренд е во духот на дадените препораки. Притоа, со намалување на примената на банкарската гаранција на понудите се намалуваат трошоците на фирмите за учество на тендерите и од нив се бара сериозноста на понудите да ја докажат со доставување изјава за сериозност, која има исти правни последици како и евентуалната гаранција на понудата. Од друга страна, со зголемување на примената на банкарската гаранција за квалитетно извршување се засилува притисокот врз фирмите за доследно спроведување на договорите за јавни набавки.

***Препорака:*** Треба да се преземат дополнителни мерки за дестимулирање на институциите да бараат од фирмите банкарска гаранција на понудите и на тој начин да го обесхрабруваат нивното учество на тендерите. Наспроти тоа, потребно е да се зачести користењето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, особено во услови кога на некои тендери се нудат исклучително ниски цени, со кои се доведува под прашалник квалитетното извршување на договореното.

- **Бројот на фирми кои имаат забрана за учество на тендери, заклучно со март 2014 година, достигна 45. Регистриран е случај на фирма која веќе има забрана што е подолга од законскиот максимум од пет години.**

Во првиот квартал од 2014 година, вкупно девет фирми добиле негативни референци, односно едногодишни забрани за учество на тендери. Притоа, осум фирми за првпат се најдоа на оваа листа, со што нивната забрана се однесува до првиот квартал од 2015 година. Но, на една фирма ова ѝ беше дури осма негативна референца, со што ѝ е изречена забрана до 15 јануари 2019 година. Имајќи предвид дека оваа фирма за првпат се нашла на т.н. црна листа во февруари 2013 година, произлегува дека нејзината забрана изнесува 5 години и 11 месеци. Во согласност со членот 47 став 6, како и со членот 48 став 8, периодот на исклучување на фирмите од учество на пазарот на јавни набавки се зголемува за дополнителна

една година при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од 5 години. Имајќи го ова предвид, во конкретниот случај е потребно да се преиспита дали надминувањето на максималната казна за учество на јавните набавки е грешка на системот или несоодветна примена на Законот за јавни набавки.

Најчеста причина поради која фирмите во првиот квартал од 2014 година ги добиле негативните референци е одбивањето да го потпишат договорот за јавна набавка. Поконкретно, ова било причина четири фирми да добијат негативни референци. Во два случаи поводот бил одбивањето да се даде гаранција за квалитетно извршување на договорот, а во други два случаи дадената гаранција била активирана во текот на реализацијата на веќе склучените договори. Во еден случај негативната референца е изречена поради тоа што понудувачот ја повлекол својата понуда пред истекот на нејзината важност.

Сумарно, откога стапи на сила законската можност за изрекување негативни референци во јули 2012 година досега, односно до март 2014 година, на т.н. црна листа со забрана за учество во јавните набавки се најдоа 45 фирми.

***Препорака:*** Потребна е поголема транспарентност на процесот на изрекување негативни референци, односно треба да се наведуваат и договорниот орган кој ја изрекол референцата и бројот на постапката за која е таа изречена. Воедно, потребно е да се преиспита дали е оправдано сите договорни органи да изрекуваат ваков вид санкции и забраната за учество да се однесува на сите тендери, како и да се преиспитаат повредите за кои се изрекуваат негативните референци.